КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
13- 19 февруари 2023 Билтен бр. 513

ВТОРООДЕЛЕНЦИТЕ ОД ВЛАДО ТАСЕВСКИ ЈА ПОДДРЖАА КАМПАЊАТА „ГИ ЗАПОЗНАВАМЕ РЕТКИТЕ БОЛЕСТИ“

Учениците од 2б одд. од ООУ,,Владо Тасевски”, на 14 и 15 февруари, работеа во склоп на слободни и воннаставни активности, развивајќи кај децата воспитни, морални и етички вредности преку подигање на свеста за ретките болести под мотото „Сите сме ретки“ . Се изработиле детски цртежи, се изработил дисплеј, се создаде песничка. Поддршка дадоа и директорот на училиштето, Викторија Кочевска, Петра Викторија Љубова, педагогот Билјана Павлевска, специјален едукатор и рехабилитатор Весна Филиповска, психологот Марија Ефтимова, социолог Валентина Клопчевска и стручниот соработник – библиотекар Марија Ангелеска.

ИЗВЕСТУВАЊЕ

На 21.02.2023 год. (вторник) Општина Карпош – Сектор Инспекторат во соработка со Град Скопје и Полициска станица Карпош, ќе спроведе заедничка акција во УЗ ЗЛОКУЌАНИ И УЗ БАРДОВЦИ.

Целта на акцијата е согласно Закон за јавна чистота да се отстранат сите возила кои не се во возна состојба, предмети кои ја загадуваат околината, картони, пластични амбалажи, шут и сл.

За таа цел, Ве ИНФОРМИРАМЕ во најкраток можен рок да ги подигнете сите предмети кои се во ваша сопственост во спротивно ќе се постапи согласно законските регулативи.

ОПШТИНА КАРПОШ